**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 08-1664/1
од 30.06. 2021год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

# ОДЛУКА

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 6, БЛОК 6.3, ОПШТИНА ПРИЛЕП

**член 1**

Се организира јавна презентација и јавна анкета по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 6, БЛОК 6.3, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Површината на планскиот опфат за Детален урбанистички план за Четврт 6, Блок 6.3, општина Прилеп, изнесува 188.435,494m2. Границата на планскиот опфат е дефинирана со линија и прекршни точки, а во согласност со претходна планска документација (ГУП за Град Прилеп 2013-2023). Планскиот опфат се предвидува во рамките на утврдениот Четврт 6, Блок 6.3.од Генералниот урбанистички план за Град Прилеп (2013-2023 донесен со Одлука бр. 25-2888/5 од 28.12.2015) и истиот е дефиниран по оската на сообраќајница дефинирана со овој ГУП и постојна улица, како и по оска на корито на „Оревоечка Река" и по оска на железничка пруга Битола-Прилеп-Скопје.

Границата на плански опфат за Детален урбанистички план за Четврт 6, Блок 6.3, општина Прилеп е:

- од север: по оска на постојна станбена улица „Бидимаж",
- од северисточна страна: по оска на постојна собирна улица С 4 „Димо Наредникот",
- од јужната страна: по оска на корито на Оревоечка Река
- од запад: по оска на железничка пруга Битола-Прилеп-Скопје

Во рамките на планскиот опфат, а согласно извододот од ГУП на град Прилеп во границите на четврт 6, Блок 6.3 планирани се следните класи на намени:

- А1 – Домување во станбени куќи
- А2 – Домување во станбени згради
- А4 – Времено сместување
- В2 – Здравство и социјална заштита
- В3 – Култура
- Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 – Сервиси
- Д2 – Заштитно зеленило

**член2**

Јавна анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 6, БЛОК 6.3, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 07.07.2021година до 20.07.2021година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.
Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 16.07.2021 година, четврток, во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**член 3**

За организирањето на **јавната презентација и јавната анкета** по Предлог Деталниот урбанистички план ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп